# ООУ„Славејко Арсов“ Штип

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА 2021 - 2023

Штип, Јуни 2023г.

# I ВОВЕД

ООУ „Славејко Арсов“ е општинско основно училиште кое се наоѓа во населбата Баби во периферниот дел на градот Штип.

Училиштето го носи името на револуционерот Славејко Арсов, роден во Штип на 17.8.1878 год. од татко Арсо Кикиритков и мајка Евдокија Коцева. Се школува во Штип, Скопје и Софија а за македонското револуционерно дело се запознава рано во својот живот уште во 1894/95 год. и тоа од Гоце Делчев и Даме Груев. Целиот свој живот го посветува на борбата за слобода на Македонскиот народ, член на ТМОРО од 1896год, во 1902 год. Станува војвода на чета во Битолско-Преспанскиот регион. Својот живот го дава за слободата на Македонија на 9.7.1905 год. Училиштето е со современи архитектонски решенија и со можност да ги задоволува потребите на современото учење, односно на воспитно-образовниот процес.

ООУ “Славејко Арсов” со работа со ученици започнува на 1.9.1982 год. како четири годишно училиште со две предучилишни групи. Училиштето работело во две смени, I и III одд. и една предучилишна група во А смена II и IV одд. и една предучилишна група во Б смена. Училиштето припаѓаше под тогашен образовен центар Јосип Броз Тито. Во учебната 1985/86 год. училиштето станува подрачно училиште на ново отвореното ОУ “Димитер Влахов” и беше дел од тоа училиште до 2012 год.

Училиштето до учебната 1992/93 год. реализираше настава од I до IV одд. а од учебната 1993/94год. ги опфаќа учениците од V до VIII одд. односно прерасна во основно училиште. За таа цел тогаш се вршат неопходни подготовки и адаптација на училиштето, бидејќи училиштето не ги задоволуваше потребите за изведување на настава во високите одделенија. Адаптацијата на училиштето се состоеше од опремување на училиштето со нагледни средства, училишни табли, училишни клупи, столчиња, а во поново време компјутери и смарт табли, со цел наставата да ги задоволи стандардите на современото образование.

Од 2012 година училиштето работи како самостојно основно општинско училиште.

# II ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

**- Општи подотоци за училиштето**

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ„Славејко Арсов“ |
| Адреса, место, општина | Ул.„Крушевска Република“ бр.68, Штип |
| Телефон | 032/ 606 - 590 |
| Факс | 032/ 606 - 590 |
| Веб-страница | www.oouslavejkoarsov.edu.mk |
| Е-маил | ou_slavejkoarsov@yahoo.com |
| Основано од.. | Општина Штип |
| Верификација-број на актот | 11-6964/4 |
| Година на изградба | 1982 г. |
| Тип на градба | Цврста градба |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 1071 $m^2$ |
| Училиштен двор (m2) | 2000 $m^2$ |
| Површина на спортски терени и игралишта | / |
| Начин на загревање на училиштето | Парно греење - нафта |
| Училиштето работи во смени | Да |
| Број на паралелки | 21 |
| Број на комбинирани паралелки | нема |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | нема |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | нема |
| Во основното училиште има ресурсен центар | нема |

| | |
|---|---|
| Други податоци карактеристични за основното училиште | Статус на еко училиште – зелено знаме, добиен на датум: 14.02.2017 г. |

# III РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА

**Врз основа на член 129, став 4, од Законот за основно образование (Сл. весник на РСМ бр., 161 од 05.08.2019 година), Училишната Комисија изготвува извештај за извршената самоевалуација на работата на ООУ „Славејко Арсов“Штип , за периодот од 2021 година до 2023 година, со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата кој го доставува до Училишниот одбор, Директорот на училиштето и Основачот. Училишниот одбор и директорот треба да постапат по предлогот на мерките на комисијата. Во текот на спроведувањето на самоевалуацијата доследно се почитуваат дефинираните три фази (подготвителна фаза, фаза на реализација и фаза на известување и усвојување), работните тимови имаа средби и разговори со сите вработени во училиштето. Извршија проверка на потребната документација и од неа користеа повеќе податоци. Спроведоа анкети со учениците, наставниците, родителите, директорот и административно – стручната служба. Сите добиени податоци ги анализираа и врз нивна основа го донесоа следниот извештај.**

***РАБОТНИ ТИМОВИ ПО ОБЛАСТИ ВО РАМКИ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА 2021/2023 г.***

| | | |
|---|---|---|
| **1.Организација и реализација на наставата и учењето**<br><br>Адријана Ристова (лидер)<br>Наташа Дуртаноска<br>Славица Донева<br>Деспина Крстова<br>Лидија Михајлова Стојанова | **2.Постигањата на учениците**<br><br>Вероника Зафировска(лидер)<br>Драгица Петрова<br>Кристина Сандева | **3.Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и на раководниот кадар**<br><br>Татјана Божинова (лидер)<br>Роса Коцева<br>Благица Јанева |
| **4.Управување и раководење**<br><br>Борис Наумов(лидер)<br>Габриела Бреслиева<br>Гордана Милев | **5.Комуникација и односи со јавноста**<br><br>Милкица Миленковиќ Стојанова (лидер)<br>Елица Козарева<br>Живка Мирчовска | **6.Училишна клима и култура**<br><br>Катерина Сенева (лидер)<br>Горан Христов<br>Павле Мицев |

| | | |
|---|---|---|
| **7. Соработка со родителите и локалната средина**<br><br>Весна Жежова (лидер)<br>Ане Ампова<br>Едита Попандонова | | |

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, од Правилникот за начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата на основните училишта донесен од страна на МОН (Службен весник на Р.М. бр.11-289/1 од 20.1.2014г. Скопје) и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и вонnаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во се помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени работата на училиштето со оценка *многу добар*. Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, која е добиена од сите седум области, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето**.**

***1. Организација и реализација на наставата и учењето***

***2. Постигнувањата на учениците***

***3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и на раководниот кадар***

***4. Управување и раководење***

***5. Комуникации и односи со јавноста***

***6. Училишна клима и култура***

***7. Управување, раководење и креирање на политика***

Квалитетот на анализираните теми и области се евалуирани на четири нивоа (многу добро, добро, делумно задоволува и не задоволува) според однапред одредените индикатори. Врз основа на дадената оценка се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања.Придонес за ваквата донесена оценка имаат сите вработени во училиштето и учениците, како и родителите**.**

| **Област 1: Организација и реализација на наставата и учењето ниво – многу добро** | |
|---|---|
| Индикатор за квалитет | ниво |
| 1.1. Организација и реализација на наставните планови и програми | Многу добро |
| 1.2. Квалитетот на наставните планови и програми | Делумно задоволува |
| 1.3. Воннаставни активности | Многу добро |
| 1.4.Планирање на наставниците | Многу добро |
| 1.5. Наставен процес | Многу добро |
| 1.6. Искуства на учениците од учењето | Добро |
| 1.7. Задоволување на потребите на учениците | Многу добро |
| 1.8. Оценувањето како дел од наставата | Добро |
| 1.9. Севкупна грижа за учениците | Многу добро |
| 1.10. Здравје | Многу добро |
| 1.11. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | Многу добро |

| **СВОТ АНАЛИЗА<br>Област 1: Организација и реализација на наставата и учењето** | |
|---|---|
| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
| -Наставата се организира согласно наставните планови и програми<br><br>-Квалитетни годишни и тематски планирања<br><br>-Наставниот кадар е стручен и соодветен за реализација на наставните планови и програми, подготвени од МОН и БРО. и целосно ги реализира наставните програми<br><br>-Разновидност на формите и методите на работа што се применуваат<br><br>-Наставниците изготвуваат годишни и тематски процесни планирања кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот<br><br>-Секој ученик согласно своите афинитети има можност да учествува во воннаставни активности.<br><br>-Заедничко ангажирање на наставниците и учениците за успешна реализација и постигнување повисоки резултати<br><br>-Обезбедени солидни услови за изведување на наставата со ИКТ – смарт табли во секоја училница , нови компјутери во секоја училница и брз и стабилен интернет | -Наставните планови не се доволно прилагодени според возраста на учениците и програмата Кембриџ<br><br>-Недостасуваат нагледни средства и манипулативи за да може да се реализира програмата Кембриџ по Математика<br><br>-Немање соодветни услови за работа со деца со посебни потреби<br><br>-Недоволна обученост на наставниците за работа со деца со пречки во развојот<br><br>-Недоволно почитување на Правилникот за чување на инвентарот |

| | |
|---|---|
| -Адекватна спортска сала и соблекувална<br><br>-Учениците кои го афирмираат училиштето и постигнуваат високи резултати на натпреварите, училиштето им доделува награди и дипломи<br><br>-Спроведените активности со кои се обезбедува грижата, благосостојбата и заштитата на учениците<br><br>-Учениците слободно според своите афинитети, заедно со своите родители избираат кој изборен предмет ќе го изучуваат | |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опсности) што произлегуваат од работата за основното училиште** |
| -Соработка помеѓу наставниците – стручни активи | -Спортската сала освен учениците, ја користат и надворешни лица (тренинзи на спортски клубови) и неадекватно одржување на хигиената.<br><br>-Непредвидување на доволно финансиски средства во Годишниот буџет ма училиштето за нагледни и наставни средства за квалитетно реализирање на наставата и проверување на напредокот на учениците согласно Наставните планови и прграми.<br><br>-Построго и подоследно применување на Правилниците за чување на инвентарот од страна на сите вработени во училиштето и учениците. |

**Приоритети:**

- **Зголемување на бројот на нагледни средства и манипулативи заради реализирање на наставната програма**
- **Дополнување на стручната служба во училиштето**
- **Обучување на наставниците за работа со деца ПОП посебни образовни потреби**

| **Област 2: Постигањето на учениците<br>ниво – многу добро** | |
|---|---|
| Индикатор за квалитет | ниво |
| 2.1. Постигање на учениците | Многу добро |
| 2.2. Задржување/ осипување на учениците | Многу добро |
| 2.3. Повторување на учениците | Многу добро |
| 2.4. Следење на напредокот на учениците | Многу добро |

| **СВОТ АНАЛИЗА<br>Област 2: Постигањата на учениците** | |
|---|---|
| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
| • Примена на нови методи на работа и оценување од страна на наставниците: примена на стекнатите знаења од обуките;<br>• Изградување на систем за следење на постигањата на учениците по завршувањето на основното образование;<br>• Организациската поставеност на училиштето;<br>• Условите што ги нуди и високите резултати на дел од учениците што ги постигнува по завршувањето на деветo одделение;<br>• Постојат споредбени анализи за направени оправдани и неоправдани изостаноци.<br>• Во училиштето наставниот кадар редовно ги пофалува, истакнува и | • Наставниот кадар не е доволно оспособен за современа настава;<br>• Наставниот кадар не е доволно оспособен за работа на часовите со деца со посебни потреби;<br>• Недоволна снабденост со стручна литература во библиотеката;<br>• Креирање на стимулативна средина за работа и учење на учениците во училиштето со подобрување на условите и нагледните средства;<br>• Подобрување на редовноста на учениците во соработка со |

| | |
|---|---|
| вреднува успесите на учениците<br>• Во училиштето наставниот кадар секогаш информира и афирмира за однесувањето и напредокот на учениците<br>• Учениците секогаш постигнуваат подобри резултати и подобар успех со физичко присуство во училиштето | родителите;<br>• Изнаоѓање на простор за истакнување на видно место во училиштето за изработките на учениците; |
| Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште | Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од работата за основното училиште |
| • Наставниците забележале дека учениците се половично успешни онаму каде што се бара креативност и кога имаат можност да соработуваат, покажуваат вештини на комуникација и онаму каде што имаат определени предзнаења.<br>• Подобрување на редовноста на учениците во соработка со родителите. | • Осипувањето на ученици од нашето училиште се должи на учениците кои од различни причини го напуштаат нашето училиште (промена на адреса, заминување во странство и сл. ) |
| **Приоритети:**<br>➢ **Подобрување на редовноста на учениците во соработка со родителите;**<br>➢ **Оспособување на наставниот кадар за работа со деца со посебни потреби;**<br>➢ **Оспособување на наставниот кадар за современа настава;**<br>➢ **Креирање на стимулативна средина за работна мотивација на учениците и наставниците со подобрување на условите и средствата за работа;**<br>➢ **Зголемување на фондот на стручна литература во библиотеката.** | |

| **Област 3: Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и раководниот кадар**<br>**ниво – многу добро** | |
|---|---|
| Индикатор за квалитет | ниво |
| 3.1. Обезбедување на потребниот наставен кадар | Многу добро |

| | |
|---|---|
| 3.2. Следење на развојните потреби на наставниот кадар | Многу добро |

| **СВОТ АНАЛИЗА**<br>**Област 3: Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и раководниот кадар** | |
|---|---|
| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
| • Наставниот кадар е релативно млад и во најголем процент со ВСС;<br>• Во училиштето функционира стручна служба;<br>• Стручната служба ги посетува наставниците на час, најмалку два пати во учебната година и дава повратна информација од следењето на часот;<br>• Наставниците во училиштето редовно добиваат напатствија за водење на педагошката евиденција;<br>• Во случај да се појави несогласување помеѓу наставник-ученик, наставник-родител и ученик-ученик, стручната служба правовремено се вклучува и помага да се разреши истиот;<br>• Учениците во секое време можат да добијат советодавна помош;<br>• Наставниците приправници постепено се воведуваат во работата со добивање на соодветна поддршка;<br>• Се следи напредокот на наставниците и учениците;<br>• Се даваат совети при изготвување на годишни, тематски и оперативни планови;<br>• Постои соработка со стручната и административната служба;<br>• Се спроведуваат анкети, се следат учениците;<br>• Се информира раководителот на паралелката за напредокот на проблематичните ученици;<br>• Наставниот кадар е | • Наставниците чувствуваат потреба од организирани професионални обуки за изработување на индивидуални образовни планови, наставни средства и друга помош за инклузивна работа со деца со посебни образовни потреби. |

| | |
|---|---|
| заинтересиран за своето лично усовршување;<br>• Поддршка на наставниците од страна на директорот за нивно професионално усовршување. | |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опсности) што произлегуваат од работата за основното училиште** |
| • Организирање обуки за професионален развој на наставниот кадар од БРО и МОН и други акредитирани здруженија | • Недостиг на финансиска поддршка на наставниците самостојно финансиски да си обезбедат/покријат потребни обуки и семинари за професионално усовршување<br>• Недостиг на финансиска поддршка на училиштето да покрие потребни обуки и семинари за професионален развој на наставниците. |
| **Приоритети:**<br>➢ **Организирање на професионални обуки и семинари од МОН, БРО и други акредитирани здруженија за изработување на индивидуални образовни планови, наставни средства и друга помош за инклузивна работа со деца со посебни образовни потреби.** | |

| **Област 4: Управување и раководење**<br>**ниво – многу добро** | |
|---|---|
| Индикатор за квалитет | ниво |
| 4.1. Управување и раководење со училиштето | Многу добро |
| 4.2. Цели и креирање на училишна политика | Многу добро |
| 4.3. Развојно планирање | Многу добро |
| 4.4. Сместување и просторни капацитети | Делумно задоволува |
| 4.5. Наставни средства и помагала | Добро |

| | |
|---|---|
| 4.6. Финансиско работење на училиштето | Многу добро |

| СВОТ АНАЛИЗА<br>Област 4: Управување и раководење | |
|---|---|
| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
| • Координирана соработка помеѓу У.О и директорот,<br>• Соработка со локална самоуправа за извршување на инфраструктурни работи во училиштето,<br>• Тимска работа мотивирана од директорот,<br>• Јасно поставени цели на Раководниот Орган,<br>• Постоење на училишен простор со соодветни и пријатни просторни услови за одвивање на наставата,<br>• Работно време на библиотеката кое овозможува опслужување на учениците од двете смени,<br>• Обезбеден пристап до интернет за наставниците и учениците<br>• мегу вработените има добра соработка и десеминирање на знаењата,<br>• Педагошко – психолошка служба за поддршка на учениците и нивниот емотивен развој. | • Недостаток на простор за реализирање на училишни активности – наставни и воннаставни,<br>• Недоволно опремени кабинети по некои предмети, и просторни училници за учениците од 1 одделение, фактор што влијае на квалитетот на наставата и знаењата на учениците,<br>• Недостиг на просторија за прием на родители,<br>• Недоволен фонд на библиотеката со лектирни изданија и стручна литература,<br>• Необученост на наставниот кадар за работа со деца со посебни образовни потреби. |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опсности) што произлегуваат од работата за основното училиште** |
| • Обезбедуваење на подобри просторни услови за работа и | |

<table>
<tr><td>прием на родители,<ul><li>Обезбедување на подобри просторни услови за реализирање на училишни активности – наставни и воннаставни,</li><li>Опремување на кабинети по некои предмети за поквалитетна настава во училиштето,</li><li>Обучување на наставниците за работа со деца ПОП посебни образовни потреби,</li><li>Збогатување на книжниот фонд во библиотеката.</li></ul></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Приоритети:<ul><li>Обезбедуваење на подобри просторни услови за работа и прием на родители,</li><li>Обезбедување на подобри просторни услови за реализирање на училишни активности – наставни и воннаставни,</li><li>Опремување на кабинети по некои предмети за поквалитетна настава во училиштето,</li><li>Обучување на наставниците за работа со деца ПОП посебни образовни потреби,</li><li>Збогатување на книжниот фонд во библиотеката.</li></ul></td></tr>
</table>

| **Област 5: Комуникација и односи со јавноста<br>ниво – многу добро** | |
|---|---|
| Индикатор за квалитет | ниво |
| 5.1. Наставни планови и програми | Многу добро |
| 5.2. Воннаставни активности | Многу добро |
| 5.3. Известување за напредокот на учениците | Многу добро |
| 5.4. Промовирање на постигањата | Многу добро |

| **СВОТ АНАЛИЗА<br>Област 5: Комуникација и односи со јавноста** | |
|---|---|
| **Предности (силни страни) на** | **Слабости (слаби страни) на** |

| основното училиште | основното училиште |
|---|---|
| - Училиштето редовно ги информира родителите за наставните планови и програми и за напредокот и постигнувањата на учениците преку утврден систем за известување;<br>- Училиштето организира различни воннаставни активности и учествува на различни манифестации и на општински, државни и меѓународни натпревари остварувајќи видливи резултати кои ги промовира во училиштето и во локалната средина;<br>- Училиштето доследно ги почитува препораките на МОН за реализација на ученички излети и екскурзии. | - Некои наставни програми не се целосно прилагодени (во однос на обемот и содржината) на возраста, интересите и придобивките на учениците за што е потребно да подлежат на промени. |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опсности) што произлегуваат од работата за основното училиште** |
| - Афирмација и препознатливост на училиштето по одговорно и доследно спроведување на својата дејност и по обликување на квалитетно образовани, успешни и одговорни ученици со изградени работни навики и со изградени вредности за негување хуманост и еколошко дејствување. | - Наставниците, кои се инволвирани во наставниот процес и преку него ги согледуваат слабостите на наставните програми, немаат можност директно да учествуваат во изработувањето на наставните програми. Нецелосната прилагоденост на наставните програми (во однос на обемот и содржините) на возраста, интересите и придобивките на учениците можат да ја намалат мотивацијата за учење кај учениците. |
| **Приоритети:**<br>➢ **Афирмација и препознатливост на училиштето по одговорно и доследно спроведување на својата дејност и по обликување на квалитетно образовани, успешни и одговорни ученици со изградени работни навики и со изградени вредности за негување хуманост и еколошко дејствување.** | |

| **Област 6: Училишна клима и култура**<br>**ниво – многу добро** | |
|---|---|
| Индикатор за квалитет | ниво |
| 6.1. Училишна клима и односи во училиштето | Многу добро |
| 6.2. Еднаквост и правичност | Многу добро |

| **СВОТ АНАЛИЗА**<br>**Област 6: Училишна клима и култура** | |
|---|---|
| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
| ❖ Партиципација на родителите во решавањето на проблеми и донесување на одлуки<br>❖ Постои мегусебна соработка со локалната самоуправа при реализирање при разни културни ,спортски и други активности.<br>❖ Училиштето ги почитува правата и слободите на сите ученици во училишниот живот.<br>❖ Училиштето ги истакнува постигањата и резултатите на учениците и наставниците. | ❖ Недоволна вклученост на учениците во изготвувањето на нормативни акти на однесување во училиштето.<br>❖ Поставување на мисија и визија на видно место. |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опсности) што произлегуваат од работата за основното училиште** |
| ❖ Взаемната соработка и почит помеѓу учениците како и помеѓу учениците и наставниците е на задоволително ниво. | ❖ Учениците не се запознати со организирање на работилници за нивните права. |
| **Приоритети:**<br>➢ **Поголема вклученост на учениците во изготвувањето на нормативни акти на однесување во училиштето;**<br>➢ **Поставување на мисијата и визијата на училиштето на видно место.** | |

| **Област 7: Соработка со родителите и локалната средина**<br>**ниво – многу добро** | |
|---|---|
| Индикатор за квалитет | ниво |
| 7.1. Партнерски односи со родителите и локалната и деловната заедница | Многу добро |
| 7.2. Соработка на училиштето со родителите | Добро |

| **СВОТ АНАЛИЗА**<br>**Област 7: Соработка со родителите и локалната средина** | |
|---|---|
| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
| -Отвореност за соработка и заедничка поддршка и помош<br>-Успешна соработка на ниво на реализирање средби,работилници, акции,<br>-Помагање во вид на совети,предавања,разговори<br>-Помагање во вид на донации и спонзорства | -Недоволно ангажирање на дел од родителите во вон училишните активности,проекти,настани<br>-Недостаток од финансиски средства |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опсности) што произлегуваат од работата за основното училиште** |
| -Помош во решавање на одредени проблеми<br>-Користење превоз за потребите на учениците<br>-Едукација на учениците со знаења надвор од наставната програма. | -Недоволни финансиски средства се пречки за реализирање на повеќе вон наставни активности и натпревари |
| **Приоритети:**<br>➢ **Уште поголема соработка со родителите (вонучилишни активности, проекти, настани).** | |

Користејќи ги постоечките извори на податоци, постапки и инструменти за собирање на истите, резултатите покажаа дека училиштето во голема мера ги исполнува критериумите на солидно ниво, односно се издвојуваат јаките страни на училиштето, а се минимизирани слабите страни. Според извршената самоевалуција комисијата донесе одредени предлог-мерки за надминување на некои слаби страни на училиштето, со што ќе се придонесе за поголем напредок и развој на училиштето, осовременување на наставниот процес и подигнување на стандардите за учење .

**ПРЕДЛОГ- МЕРКИ**

1. Зголемување на бројот на нагледни средства и манипулативи заради реализирање на наставната програма;
2. Дополнување на стручната служба во училиштето;
3. Подобрување на редовноста на учениците во соработка со родителите;
4. Оспособување на наставниот кадар за современа настава;
5. Креирање на стимулативна средина за работна мотивација на учениците и наставниците со подобрување на условите и средствата за работа;
6. Зголемување на фондот на стручна литература во библиотеката;
7. Организирање на професионални обуки и семинари од МОН, БРО и други акредитирани здруженија за изработување на индивидуални образовни планови, наставни средства и друга помош за инклузивна работа со деца со посебни образовни потреби;
8. Афирмација и препознатливост на училиштето по одговорно и доследно спроведување на својата дејност и по обликување на квалитетно образовани, успешни и одговорни ученици со изградени работни навики и со изградени вредности за негување хуманост и еколошко дејствување;
9. Поголема вклученост на учениците во изготвувањето на нормативни акти на однесување во училиштето;
10. Поставување на мисијата и визијата на училиштето на видно место;
11. Уште поголема соработка со родителите (вонучилишни активности, проекти, настани).

**Самоевалуација на училиштето за периодот од 2021-2023 година**

**Комисијата, Извештајот од извршената самоевалуација на работењето на училиштето ќе го достави до Училишниот одбор, до Директорот на училиштето и до Основачот.**

**Август, 2023 год.**

**Комисија за самоевалуација :**

**Загорка Чапова ____________________**
**(претседател/педагог)**

**Елена Сарафинова ________________**
**(член/психолог)**

**Ане Ампова _________________**
**(член/предметен наставник)**

**Катерина Сенева ___________________**
**(член/одделенски наставник)**

**Марија Саздова ___________________**
**(член/родител)**